


Денес, 3 јуни 2021 година, Центарот за граѓански комуникации го објави редовното годишно рангирање на институциите според Индексот на активна транспарентност , односно според проактивното објавување информации од јавен карактер, изработено во март 2021 година, во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини. Индексот ги покажува следниве клучни аспекти:

- **Активната транспарентност** на министерствата, на Владата и на општините за 2021 година изнесува **63 %** (од максимално можни 100 %). Во однос на 2020 година, активната транспарентност е **подобрена за 5 процентни поени** (од 58 % на 63 %).

- **Министерствата и Владата** просечно објавуваат **79 %** од потребните информации, што е **минимално подобрување од ланските** 77 % активна транспарентност, додека **општините**

, петта година по ред, имаат помала активна транспарентност од министерствата објавувајќи **60 %** од потребните информации, но во однос на лани бележат **пораст од 5,5 процентни поени**.

- **За прв пат** откако се изработува индексот (од 2016 година наваму), дури **две институции добија максимални 100 %**, односно ги објавуваат сите предвидени информации. Станува збор за **Министерството за одбрана,** кое и лани беше на првото место, и **Општина Карпош,** која лани беше трета.

- Меѓу **регионите**, и годинава на прво место е **Источниот Регион** (со 74 % активна транспарентност), додека на последно останува **Скопскиот Регион** (со 49 %).

- **Најмалку информации** министерствата објавуваат **за финансиите** (само 60 % од можни 100%), а општините за **прашањата од нивна надлежност** (42 % од можни 100 %).

- На **барањата за слободен пристап** до информациите од јавен карактер што им беа испратени на сите во ист ден и со исто прашање, **општините** одговорија во просек **за 17 дена** (лани за 24 дена)**,** а **министерствата** одговорија **за 16 дена** (лани за 26 дена).
**39 %**

од институциите одговорија подоцна од законскиот рок,
**прекршувајќи го законот**
.

Од годинава, активната транспарентност е претставена на едно место, на специјално изработената веб-страница www.aktivnatransparentnost.mk со преглед на сите опфатени институции, но и на индивидуалните резултати за секоја институција од 2016 годинава наваму.

Индексот на активна транспарентност се реализира во рамките на активноста *Јавно трошење за јавно добро*
, поддржана од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Целта на оваа активност е зголемување на ефективноста на јавното трошење преку намалување на корупцијата и зголемување на транспарентноста. За повеќе информации за работата на Центарот за граѓански комуникации, посетете ја нашата веб-страница www.ccc.org.mk и
http://www.opendata.mk/
.

**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

Американскиот народ преку УСАИД има инвестирано повеќе од 830 милиони долари во Северна Македонија од 1993 година досега. УСАИД е водечка меѓународна агенција за развој во светот и двигател кој води до развојни постигнувања. Работата на УСАИД ја унапредува националната безбедност и економскиот просперитет на САД, ја отсликува американската великодушност и на земјите со кои соработува им помага на патот до самостоен и стабилен развој. За повеќе информации за работата на УСАИД во Северна Македонија, посетете ја нашата веб-страница https://www.usaid.gov/north-macedonia и следете нè на
YouTube
,

Твитер
и
Фејсбук
.